**ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“**
**Општина Кисела Вода,Скопје**



# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО
**за период 2023-2025 година**
**Јуни,2025г.**

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2023 – 2025 година |
| Вид на училиште | Основно општинско училиште |
| Основач на училиштето | Општина Кисела Вода |
| Наставен јазик | Македонски јазик |
| Претстадател на Училишен одбор | Цвета Здравковска |
| Директор на училиштето | Мартин Мартиновски |
| Адреса на училиштето | ул. „Доситеј Обрадовиќбр. 18, Кисела Вода, Скопје |
| Телефон | 02/ 2770-719 |
| Електронска пошта | partenijazografskikv@gmail.com<br>ou-partenijazografski-kiselavoda@schools.mk |
| Веб страна на училиштето | www.partenijazografski.edu.mk |

# ВОВЕД

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата и постигнувањата со единствена цел, унапредување на воспитно – образовната дејност и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Самоевалуацијата како метод за оценување на работата на образовните институции овозможува да се согледаат силните страни (позитивни аспекти), да се идентификуваат слабостите и да се одредат приоритетните подрачја и стратегиите за подобрување. Затоа, целта на самоевалуацијата е објективно утврдување и постојано подобрување на квалитетот на работата на воспитно-образовната институција што во суштина овозможува систематско управување со развојот. Интерното оценување и овозможува на воспитно-образовната институција да создаде појасна слика за сопствената работа, објективно да го рангира квалитетот на својата работа, да ги утврди и да ги унапредува сопствените силни страни, да ги препознае сопствените недостатоци и да работи на нивно отстранување или минимизирање, да се подигне свеста кај сите вработени дека се директно вклучени и одговорни за постигнување на потребниот квалитет и да овозможи креирање на јасен план за натамошно унапредување на работата.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Врз основа на Законот за основното образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20,3/25) член 128, 129 и 130 и врз основа на ревидираните индикатори за квалитет на работата на училиштата изготвени од МЦГО и ДПИ. Општинското основно училиште „ Партенија Зографски“, Кисела Вода, Скопје,изврши самоевалуација на работата на училиштето за период 2023-2025 година.За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 15.07.2024год. формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

| | **Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето** | |
|---|---|---|
| | | |
| **1.** | Марина Г-Крстевски | педагог |
| **2.** | Јасмина Дечков | психолог |
| **3.** | Александра Атанасовска | одделенски наставник |
| **4.** | Марина Трајковска | предметен наставник |
| **5.** | Анета Василевиќ Шикалеска | родител |

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-2025година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| ПОДРАЧЈЕ | НОСИТЕЛИ |
|---|---|
| **Планирање,настава и учење** | Координатор : Билјана Радевска Грујовска |
| | Членови |
| | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Ребека Андреева |
| | Жанета Ѓоргиевска |
| | Елизабета Илиеска |
| | Софија Савинова |
| | Горан Трифуновски |
| | Ајша Оскакач |
| | Тамара Стојанова |
| | Соња Здравеска |
| **Постигања на учениците** | Координатор : Сретен Рогов |
| | Членови |
| | Марина Трајковска |
| | Светлана Здравеска |
| | Виолета Павловска |
| | Соња Николова Крковска |
| | Валентина Неделкова |
| | Соња Игњевска |
| | Александра Атанасовска |
| | Јасмина Дечков |
| **Училишна клима и односи во училиштето** | Координатор : Милица Миноска |
| | Членови |
| | Маријана Крстеска |
| | Васка Николова Икономова |
| | Јовица Ристиќ |
| | Анета Петковска |
| | Мирјана Велковска |
| | Емилија Тренчевска |
| | Ирена Србиновска |
| | Влатко Станоески |
| | Ивана Бисовска |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| **Управување, раководење и креирање политики** | Координатор : Халед Никовски | |
| | Членови | |
| | Марија Николовска | |
| | Ратко Штерјовски | |
| | Даниел Бојчевиќ | |
| | Јасмина Стефаноска | |
| | Катерина Наумовска Младеновска | |
| | Весна Тодоровска Унковска | |
| | Билјана Бурчевска | |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на **30.06.2025година** секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**ОПИС / РЕЗИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО:**

Поголем број испитаници наставници сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта.

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа,  дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Најголем дел од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.

Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници

системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето

Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Дел од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но со оглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани пред учениците Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

Дел од учениците работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.

СИЛНИ СТРАНИ:

- Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.
- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.
- Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.
- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.
- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.
- Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.

- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од две претходни последователни години, е поголем од 0,91.
- Училиштето планира и реализира вонnаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

СЛАБИ СТРАНИ:

- Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики;
- Делумна вклученост на учениците во планирањето на вонnаставните активности;
- Делумна примена на различни техники на дел од часовите и користење на различни материјали и извори за учење (енциклопедии, списанија, модели итн.) за време на дел од часовите.

ПРИОРИТЕТИ:

- Во делот на натпревари и вонnаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.
- Зголемено користење на различни материјали, извори, техники и ИКТ на часовите

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Нашето училиште постигањата на учениците ги следи по сите наставни предмети во текот на целата учебна година, за сите квалификациски периоди, по години и паралелки, и презема активности за нивно подобрување. Целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците води училиштето, со податоци за нивниот напредок, добиени како резултат на проценка направена од наставниците по сите наставни предмети. Формирани се тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и изготвуваат соодветни програми. Поддршка добиваат надарените и талентираните ученици преку вклучување во воннаставни активности, учество во слободни ученички активности, како и на конкурси и натпревари организирани од училиштето, општината и МОН, при што постигнуваат солидни резултати. Информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период родителите/старателите добиваат преку евидентните листови за постигнатиот успех на родителските средби, на приемните денови на наставниците, како и на информативниот ден на училиштето што се одржува секоја последна среда во месецот. Редовноста на учениците системски ја следи училиштето, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Во текот на целата наставна година се следи редовноста на учениците, а по потреба се преземаат мерките пропишани со Законот за основно образование, за што се води евиденција за редовност која се чува во документацијата на педагогот. Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува, со исклучок на поединечни случаи. Најчесто отсуствата се оправдани со медицински белешки, а најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грипови. Со советување на учениците/родителите се вклучуваат стручните соработници за подобрување на редовноста. Систематски во нашето училиште се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците применуваат методи и стратегии за подобрување на успехот на учениците и за дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година. Тренд на подобрување на резултатите од дополнителната настава е забележлив, следејќи го ученикот од неговата иницијална состојба до повисоките одделенија, при што секое дете од почетокот има свое портфолио од кое наставникот го следи напредувањето во текот на годината. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишување во прво одделение и во текот на учебната година преку опсервација во воспитно-образовниот процес. Насоки за работа со децата со посебни образовни потреби дава специјалниот едукатор и рехабилитатор. Кога ќе се детектираат потешкотиите кај учениците, стручната служба ги повикува родителите и ги упатува на проценка во МКФ за да се дефинираат целите на поддршка во согласност со развојните карактеристики и потребите на учениците. ИОП изготвуваат наставниците во чиј одделение има деца со посебни образовни потреби, во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, педагогот, родителот, образовен или личен асистент и други стручни лица. Во ИОП се планираат прилагодени наставни содржини, стратегии и техники и дидактички материјали за примена во воспитно-образовниот процес со цел да се постигнат планираните цели.

**Силни страни**

- Следење на постигањата: Училиштето постојано ги следи постигањата на учениците по сите предмети и периоди. Наставниците користат критериуми и инструменти за следење и оценување на успехот, што овозможува прецизна евалуација на напредувањето на учениците.
- Идентификација и поддршка: Учениците со ПОП и талентираните и надарени ученици добиваат поддршка преку индивидуални образовни програми (ИОП) и додатна настава.
- Информирање на родителите: Училиштето има утврден и постојан пристап за информирање на родителите за редовноста и постигањето на учениците, преку родителски средби, евидентни листови и приемни денови.
- Соработка со стручни служби и институции: Постои постојана соработка со стручните соработници, родителите, и релевантни институции, како што е Заводот за ментално здравје и Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности, БРО, МОН, Центарот за социјална работа, МВР-Одделение за превенција.

**Слаби страни**

- Недоволен број соодветни обуки за наставници и стручни соработници од соодветни провајдери.
- Недостаток од стандардизирани инструменти за идентификација на талентирани и надарени ученици.

**Приоритети**

Одржување на работилници за подобрување на комуникацијата помеѓу родителите и наставниците, со цел градење на релација која ќе биде во интерес на учениците.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

ОПИС / РЕЗИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО:

Училиштето е институција која доследно гради и промовира култура на взаемно почитување и рамноправен третман меѓу сите учесници во училишниот живот. Внатрешната клима се одликува со висок степен на професионализам меѓу вработените, при што секој ученик се чувствува целосно прифатен, независно од индивидуалните способности, родот, етничката или верската припадност, како и социјалното потекло.

Во однос на однесувањето, дисциплината кај учениците е на задоволително ниво, а кадарот е вешто оспособен да се справува со предизвици поврзани со дисциплината и редовноста. Ова се постигнува преку ефективна соработка меѓу вработените, стручната служба и родителската заедница. За одржување на редот, училиштето систематски го применува утврдениот протокол и правилникот за педагошки мерки. Учениците се активно вклучени во процесите на решавање проблеми и донесување одлуки кои директно влијаат на подобрувањето на нивното однесување.

Училиштето посветува приоритетна грижа за здравјето и безбедноста на учениците. Наставниот кадар ужива висок степен на респект од страна на родителите, што ја потврдува довербата во нивната работа. Покрај тоа, институцијата поседува Кодекс на однесување, со кој се јасно дефинирани правилата за сите структури.

Посветеноста на училиштето кон академскиот и личен развој се огледува во постојаната промоција на постигањата на учениците. Училишната средина е дизајнирана да ги мотивира учениците кон поставување повисоки цели. Наставниците длабоко ја разбираат важноста на пофалбата како клучен мотивирачки фактор. Личните постигања на учениците се активно промовираат, како во рамките на училиштето, така и надвор од него.

Вработените во училиштето применуваат униформен и непристрасен пристап кон сите ученици, игнорирајќи го полот, етничката, културната или верската припадност. Училиштето организира широк спектар на вонаставни активности во кои се вклучени сите ученици. Преку овие активности, додатната и дополнителната настава, како и бројните секции, на учениците им се овозможува активно учество на многубројни натпревари (училишни, регионални, државни), при што се постигнуваат високи резултати. Креативните изработки и трудови на учениците јавно се изложуваат во кабинетите, училишните холови и преку објави на социјалната мрежа Фејсбук. На крајот на секоја учебна година, согласно Правилникот за пофалби и награди, Наставничкиот совет врши избор на „ученик на генерацијата“ (ученик од деветто одделение), врз основа на предлози од наставниците.

Силни страни

Училиштето се истакнува со континуирано поттикнување на учениците кон повисоки постигања, што резултира со значајни успеси на натпревари од различен ранг. Внатрешната училишна клима е исклучително позитивна, одбележана со добра соработка и взаемно почитување меѓу вработените и учениците. Ова се заснова на професионален пристап на тимовите во училиштето.

Систематското следење на работата на наставниците, нивното континуирано образование, усовршување и развој, како и соодветното наградување, придонесуваат за стабилна и продуктивна работна атмосфера. Односот меѓу наставниците и учениците е изграден врз цврсти темели на доверба, отвореност и поддршка, што резултира со редовна посетеност на наставата и примерно однесување од страна на сите ученици. Училиштето успешно се справува со предизвиците поврзани со дисциплината и поведението на учениците.

Посебен акцент се става на почитувањето на индивидуалните разлики кај учениците, обезбедувајќи им еднакви можности за учење, развој и надградба на знаењето. Училиштето е посветено на почитувањето на детските права, а психолошката служба обезбедува квалитетно советување за родителите. Отвореноста за соработка со родителите е висок приоритет.

Институцијата активно соработува со низа надворешни субјекти, вклучувајќи други институции, локалната самоуправа (ЛС), Бирото за развој на образованието (БРО), Министерството за образование и наука (МОН) и Државниот испитен центар (ДИЦ).

Сите ученици имаат еднаков пристап до можности за учење, изразување и активно учество на конкурси и натпревари. Процесот на оценување е континуиран и објективен. Овозможен е рамноправен пристап до образовната и информатичката технологија со која располага училиштето.

Училиштето ги препознава и наградува извонредните постигања, како што е изборот на најдобар ученик на паралелка. За поттикнување на креативноста и талентот, редовно се организираат приредби, изложби и слични настани. Покрај тоа, на одличните ученици и на оние со континуиран одличен успех им се обезбедуваат дипломи како признание за нивниот труд.

Слаби страни

И покрај силните страни, училиштето се соочува со одредени предизвици кои претставуваат области за понатамошен развој:

- Инклузивна настава: Наставниот кадар се среќава со одредени препреки во редовната настава кога во паралелките има ученици со посебни образовни потреби и пречки во развојот. Ова се однесува на ненавремено доставување на документи од надлежните институции за децата со ПОП, со што се забавува процесот на обезбедување образовни асистенти и поддршка на учениците. Воедно, постои потреба од континуирана едукација на наставниците за подршка на учениците со образовни потешкотии
- Ангажман на родителите: Забележана е недоволна соработка од страна на родителите чии деца покажуваат послаби образовни резултати. Потребно е да се истражат нови стратегии за нивно поактивно вклучување.
- Работа со надарени ученици: Постои потреба од континуирана едукација на наставниците за ефикасна работа со надарени и талентирани ученици, со цел целосно да се развие нивниот потенцијал.

Приоритети

Во наредниот период, училиштето ќе се фокусира на следниве клучни приоритети:

- Афирмација на ученичките постигања: Интензивно да се работи на промовирање на образовните и воннаставните успеси на учениците на сите нивоа – локално, национално и меѓународно. Целта е да се истакнат нивните достигнувања и да се поттикне понатамошен развој.
- Зајакнување на родителската партиципација: Да се изнајдат и имплементираат ефикасни механизми за поголема вклученост на родителите чии деца покажуваат послаби резултати во учењето, со цел заеднички да се работи на подобрување на нивниот успех.
- Проширување на меѓуучилишната соработка: Да се интензивира партнерството со други образовни институции, особено со училишта од мешан етнички состав, со цел размена на искуства и промовирање на меѓукултурно разбирање.
- Унапредување на педагошките компетенции: Да се обезбедат специјализирани обуки за наставниот кадар за ефективна работа со надарени,талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби, овозможувајќи им да ги развијат своите целосни потенцијали.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

ОПИС / РЕЗИМЕ НА ПОДРАЧЈЕТО:

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Најголем дел од наставниците се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката не се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и

екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето нема и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

СИЛНИ СТРАНИ

- Раководниот тим во училиштето успешно учествува во разрешување на проблемите и разменува идеи за надминување на проблемите во училиштето.
- Воспоставени се добри односи со ученици, родители и вработени.
- Застапено чувство на праведност и успешно надминување на конфликтите.
- Директорот е посветен на работата.
- Училиштето има комплетен тим на стручни соработници
- Почитување на национални, етнички и верски разлики.
- Родителот е редовно информиран за однесувањето на своето дете.
- Раководниот тим позитивно влијае на помош при учење кај децата.
- Советот на родители извршува редовни состаноци, информациите се достапни до родителите.

- Почитување на јасно поставените правила за однесување.
- Целосна поддршка од директорот за стручно усовршување.
- Успешна долгорочна уписна политика.
- Просторните услови во училиштето се на задоволително ниво.
- Редовна информираност за сите поважни информации во училиштето
- Учениците, родителите и наставниците се навремено и редовно информирани за случувањето во училиштето.
- Наставниците користат современи методи и техники при работа.
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во натпревари во училиштето и надвор во него.
- Училиштето води политика за поддршка на учениците со различни предиспозиции и способности
- Во реализација на наставата во училиштето наставниците користат современи методи и техники при работа;
- Училиштето ги поттикнува и ги поддржува учениците да спроведуваат активности со кои им помагаат на заедницата.
- Учениците, родителите и вработените се запознаени со правилата на однесување, куќниот ред и протоколот на училиштето.

СЛАБИ СТРАНИ:

- Недоволна вклученост на родителите во различни активности
- Иако библиотеката е достапна за учениците, таа нема доволно простор за читална, што ја ограничува нејзината функционалност како место за учење и истражување

ПРИОРИТЕТИ:

- професионален развој - понатамошно и континуирано усовршување на вработениот наставен и стручен кадар
- материјално - технички средства - редовна и навремена набавка на потрошен материјал за непречено одвивање на наставата и наставниот процес (тонери, хартија.....)

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Во текот на процесот на самоевалуација, училиштето има за цел систематско вреднување на својата работа и поставување на темели за постојано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата овозможува да се идентификуваат силните и слабите страни на училиштето, како и да се дефинираат приоритетите за идниот развој. Врз основа на овие сознанија, потребно е да се преземат конкретни мерки кои ќе придонесат за подобрување на образовната средина, зголемување на квалитетот на наставата и обезбедување соодветна поддршка за учениците и наставниците. Следните мерки се изработени врз основа на анализата на постигнувањата, приоритетите и тековните предизвици со кои се соочува училиштето.

1. Зголемено користење на различни материјали, извори, техники и ИКТ на часовите

   Мерка:. Подобрување на тимската соработка преку хоризонталното учење, секаков вид на средби и состаноци за размена на идеи и добри практики

2. Професионален развој на наставниот кадар

   Мерка: Организирање обуки според потребите на наставниците и стручните соработници, специјализирани обуки за наставниот кадар за ефективна работа со надарени,талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби, овозможувајќи им да ги развијат своите целосни потенцијали

3. Афирмација на ученичките постигања

   Мерка: Интензивно да се работи на промовирање на образовните и воннаставните успеси на учениците на сите нивоа – локално, национално и меѓународно. Целта е да се истакнат нивните достигнувања и да се поттикне понатамошен развој.

4. Зајакнување на родителската партиципација:

   Мерка: Да се изнајдат и имплементираат ефикасни механизми за поголема вклученост на родителите во различни училишни активности

5. Проширување на меѓуучилишната соработка:

   Мерка: Да се интензивира партнерството со други образовни институции, особено со училишта од мешан етнички состав, со цел размена на искуства и промовирање на меѓукултурно разбирање

6. Подобрување на училишната библиотека

   Мерка: Проширување на библиотеката со читална и обезбедување нови книги и ресурси за учениците

Овие мерки ќе овозможат системско унапредување на училиштето преку подобрување на ресурсите, колаборацијата и унапредување на наставниот процес, како и поддршка на учениците и наставниците.
Комисијата, извештајот од извршената самоевалуација на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, Директорот на училиштето, до основачот на истото и до ДИЦ.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата :

| |
|---|
| Марина Г-Крстевски |
| Јасмина Дечков |
| Александра Атанасовска |
| Марина Трајковска |
| Анета Василевиќ Шикалеска |

Директор
------------------------
Мартин Мартиновски